Бр. 12-2724/4
06.08 год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------------------------, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 05 август 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 2724/1 од 15.05.2019 година на подносителот --------------------------------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи/основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2724 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2724/1 од 15.05.2019 година.

Предметот со број 12-2724 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2724 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 2724/1 од 15.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице ------------------------------- .

Со пријавата се изразува општо незадоволство од постапувањето и од одлуките донесени во судските постапки водени пред судовите во Република Северна Македонија во случајот на пропаднататата штедилница на претпријатието ----------------- без конкретни посочувања на одговорни лица со барање од Државната комисија да се испита овој случај при што, воедно се изнесува став и коментар на подносителот на пријавата за општествените случувања во периодот пред 2006 година.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека посочениот случај бил одолговлекуван, како и јавно достапните информации дека над претпријатието ------------------ била спроведена стечајна постапка преку која се врши наплата на побарувањата на доверителите.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека се работи за постапка во која се/биле


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

искористени сите правни средства против одлуките донесени од надлежниот суд и во сите степени на одлучување пред повеќе од петнаесет години, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствија - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг на избраните лица и именувани лица – судии од надлежните судови, стечајни управници и други службени лица кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 12- 2724/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот